Република Северна Македонија
Агенција за храна и ветеринарство

АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

Бр. ____________
2022 год

III Македонска бригада бр.20
1000 Скопје,
Република Северна Македонија

Тел. (02) 2 457 895
Факс: (02) 2 457 893
Е-пошта: info@fva.gov.mk
Сајт: www.fva.gov.mk

**До: Здружение за заштита на животните
„Анима Мунди“ Скопје
Ул. „Ордан Пиперката“ 33, 1000 Скопје**

**Предмет: Известување**

Почитувани,

Во врска со Вашите забелешки по однос на предлог текстот на Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита и благосостојба на животните, Ве известуваме за следното:

1. Амандманите во текстот во однос на членот 4, членот 28, членот 29, членот 55 од постоечкиот Закон за заштита и благосостојба на животните **не се прифаќаат**.

***Образложение:*** Вашите забелешки во однос на забрана за еутаназија, бришење на алинеја од ставот (3) на членот 28, додавање на нова алинеја во став (3) на членот 28, дефинирање на нови забранети постапки во членот 4, воведување на нови законски одредби со флексибилна примена на законот, дополнување на ставот (7) од членот 29 на Законот, доделување овластување на здруженијата за заштита на животни да вршат официјален надзор по основ на член 55 од законот, не се однесуваат на предлог текстот на Законот за измена и дополнување на Законот за заштита и благосостојба на животните. За измена на постоечкиот Закон може да поднесете соодветна иницијатива до Собранието на Република Северна Македонија.

2. Амандман по основ на прекршочните одредби по членовите 64, 65, 66 и 67 **се прифаќаат.**

Образложение: Согласно политиките на Владата на Република Северна Македонија, казнените одредби на материјалните закони треба да се усогласат со Законот за прекршоците. Агенцијата за храна и ветеринарство изврши

корекција на висината на казните и ги утврди максимално дозволените за Законот биде усогласен со Законот за прекршоците.

Со почит,

**В.Д. Директор,**
Николче Бабовски

Изготвил: Димитар Терзиевски
Контролирал: Грета Николовска
Одобрил: Вања Кондратенко

ДОСТАВЕНО ДО:
- Именуваниот
- Архива на АХВ
-СЗЗБЖ